# ORGANIZED CRIME AS A RISK FACTOR WHICH THREATENS NATIONAL SECURITY

**Maja Trajkovska**
Skopje, Republic of N. Macedonia, trajkovska.m@gmail.com

**Abstract:** This paper defines the terms of threats, risks and challenges in security and national security systems. In the modern era, the continent of Europe, which our country is part of, as an expansively accepted synonym for democracy and legal order, faces the worst crisis in terms of security from the end of the Cold War. Specifically, in that period, the security aspects were comprehended through a state-centered attitude, with an emphasis on the military importance of this concern, since the possibility of the outbreak of war conflicts including a nuclear war, was the center of attention. But, nowadays, the term security has expanded from military to other sectors that are not in a jurisdiction of the state. Beside the old ones there are emerging new security challenges, risks and threats, civil disturbance, organized crime, terrorism, migration, human trafficking, high-technology crime, pandemics and climate changes. In connection to that the paper analyzes the phenomenon of organized crime as one of the factors that constitute the most serious threat in contemporary which has a growing tendency to expand on a global scale and endanger the survival of people, economic trends, the environment as well as to endanger the established civilization values. Given the actuality of this phenomenon, the paper elaborates the certain aspects of the issue of organized crime, as one of the most serious contemporary non-military threats to both national and international security. The organized crime as a serious risk-factor for violating national security causes dangerous destructive effects in all areas of society. It is the greatest danger that together with terrorism and corruption is a complex phenomenon that is present at every phase of social development presenting a threat to the modern world. The result of the actions of these stakeholders is manifested through an interrupted social development, creating distrust of the population towards the state and its administrative bodies, blocking the reforms, and inflicting the financial damage, as well worsening an international reputation of the country, etc. The contemporary security challenges should experience a transformation primarily in the field of preventive action in order to prevent organized forms of crime.
**Keywords:** organized crime, national security, international security, security challenges.

# ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ КАКО РИЗИК ФАКТОР НА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

**Маја Трајковска**
Скопје, Република С. Македонија, trajkovska.m@gmail.com

**Апстракт:** Во овој труд се дефинирани термините за закани, ризици и предизвици по безбедноста и безбедносните национални системи. Во модерната ера, континентот Европа, од која е дел и нашата држава, како широко прифатен синоним за демократија и правен поредок, се соочува со најголемата криза по однос на безбебдноста од крајот на студената војна. Имено, во тој период, безбедносните аспекти биле согледувани преку државноцентралистичка гледна точка со акцент на војното значење на ова прашање, со оглед на тоа дека можноста за избивање на војни конфликти вклучително и нуклеарна војна биле во центарот на вниманието. Но, во денешно време, поимот безбедност се проширил од воен на други сектори кои не се во надлежност на државата. Покрај старите во денешно се бележи појава на нови безбедносни предизвици, ризици и закани, граѓански немири, организиран криминал, тероризам, миграција, тргување со луѓе, високо-технолошки криминал, пандемии и климатски промени. Во врска со тоа во трудот е анализиран феноменот на организиранираниот криминал како еден од факторите кои претставуваат најсериозна закана во современоста која што има се поголема тенденција да се прошири во светски размери и да го загрози опстанокот на луѓето, економските текови, животната средина како и воспоставените цивилизациски вредности. Со оглед на актуелноста на оваа појава, во трудот се обработени определени аспекти на проблематиката од обласа на организираниот криминал како една од најсериозните современи невоени закани како на националната така и на меѓународната безбедност. Организираниот криминал како сериозен ризик фактор за нарушување на националната безбедност, предизвикува опасни деструктивни ефекти во сите сфери на општетството. Тој претставува најголема опасност која заедно со тероризмот и корупцијата како сложена појава која е присутна во секоја фаза на општествениот развој претставува закана во современиот свет. Резултантата на делувањето на овие чинители се манифестира преку нарушен општествен

развој, создавајќи недоверба на населението кон државата и нејзините административни тела, блокирајќи ги реформите, со нанесување на финансика штета, влошен меѓународен углед на земјата итн. Современите безбедносни предизвици треба да претрпат трансформација пред се во областа на превентивно делување во спречување на организираните облицина криминал.

**Клучни зборови:** организиран криминал, национална безбедност, меѓународна безбедност, безбедносни предизвици.

**КЛУЧНИ ЗАКАНИ ПО ОДНОС НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДРЖАВИТЕ ВО СВЕТОТ**

Европската стратегија за безбедност наведува пет клучни закани по безбедноста на Европската унија. Тоа се: оружјето за масовно уништување, регионалните судири, организиран криминал, тероризам и дезорганизирани држави. Од наведените фактори, во поновото време, организираниот криминал се наметнува како основна закана која ја загрозува регионалната и меѓународната безбедност. Организираниот криминал е опасност која може сериозно да ја дестабилизрa владата на една држава, со нарушување на функционирањето на еден од основните столбови на демократијата во една држава, а тоа е парламентот, ја руши довербата кај граѓаните во поглед на функционирањето на правната држава, притоа негирајќи ја законитоста и моралните и етичките вредности во општеството (8).

Како еден од современите безбедносни ризици организираниот криминал ја доведува под знак прашање како индивидуалната така и колективната, државната и меѓународната безбедност. Борбата против современите предизвици како што е организираниот криминал се сведува на изнаоѓање на посебни механизми и формулирање на стратегии за спречување на негативните ефекти од оваа општестевна појава. Покрај корупцијата и тероризмот, организираниот криминал претставува најсериозна закана во светот (10). Тој ги загрозува и подрива темелите на демократијата поради тоа што целта му е воспоставување систем спротивно на институциите на државата. Секако една од целите во големата слика на делувањето на организираниот криминал е штетното влијание во поглед на структурите кои го сочинуваат системот на националната безбедност која спаѓа во т.н. традиционални структури во секоја држава. Според класичниот концепт, во фокусот на безбедноста е државата, нејзиниот опстанок и благосостојба, виталните интереси, вклучително територијалниот интегритет, суверенитет, политичка независност, национално единство на внатрешен план и во поглед на нејзината надворешна политика. Примарното средство во самозаштитата на државата се нејзината војска, силите на безбедноста и економската моќ. Како закана по националната безбедност од највисок ранг се смета вооружена агресија однадвор или најразлични облици на субверзија од внатре. Оптималната националната безбедност се дефинира како состојба која ги гарантира остварувањето и развојот на националните и државните вредности и интереси. Референтните вредности првенствено се мир, слобода како и безбедност на луѓето и на разните интересни заедници во општеството, квалитетот на живеење, достоинство, идентитет, национално единство, здрава животна средина, социо-економски просперитет, енергетска стабилност, информациски ресурси, територијален интергритет, вклучително и политичката самостојност  и опстанокот на државата. Со создавањето на современите држави во 17 век, извор на безбедносната закана претставуваат други држави или поточно нивната воена моќ. Оваа перцепција е на сила се до минатиот век до откритието и развојот на нуклеарното оружје, како опасност која го загрозува целокупното човештво. Со завршетокот на студената војна стравот од нуклеарното уништување е ставен во втор план,со повторно наметнување на други опасности. Некои од нив практично постоеле и во минатото, разни гараѓански војни, тероризам и миграција. Опасностите како што се климатските промени постоеле и во минатото но биле изразени со далеку помал интензитет. Информатичките закани се појавија за прв пат во историјата благодарение на технолошкиот развој (3). Државните нституции се обидуваат клучните безбедносни ризици и предизвици со кои што се соочуваат да ги наведат во официјални документи како што се стартегија на одбрана, стратегија на безбедност и слично. Можеме да констатираме дека во современиот свет е намален ризикот од воени судири во глобални размери, но државите се соочени со голем број на предизвици, ризици и закани на безбедноста чија суштина е во тоа што се непредвидливи, асиметрични и транснационални, како на пример: регионални и локални судири, етнички и верзки екстремизам, организиран криминал, илегална миграција, климатски промени и се повеќе нагалсениот дефицит на енергетски ресурси. Светот е соочен со се погрубо кршење на Повелбата на ОН, како и општо прифатените норми  на меѓународното право, и посебно се понагласеното мешање во внатрешните работи на суверените држави (1).

**СТРАТЕГИИ НА ЗНАЧАЈНИТЕ ГЕОПОЛИТИЧКИ СИЛИ ЗА ЗАКАНИТЕ ПО ОДНОС НА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ**

Во американската стратегија за национална безбедност освен тероризмот, како закана за националната безбедност се наведуваат оружјата за масовно уништување, особено нуклеарното оружје, глобалните криминални мрежи, кршењето на човековите права особено во дискредитирани држави, економска криза и климатски промени. Притоа наведените опасности се разврстуваат во две групи: актуелни и потенцијални. За карактеристични актуелни закани по безбедноста на САД се сметаат: тероризмот, насилен екстремизам, сајбер напади, пандемии и природни катастрофи, а потенцијалните закани се: ширењето на оружје за масовно унишување, постоењето на т.н., отпаднички држави и можната појава на нови регионални сили со хегемонистички позиции (6).

Спротивно на САД, во ЕУ стратегиското опкружување се доживува поинаку. Насилството од првата половина на минатиот век е заменето со период на долготраен мир и стабилност. Европската стратегија за безбедност наведува пет основни закани за безбедноста кои се истите како и во стратегијата на САД (2).

Заканите по националната безбедност на, Русија се дефинирани како непосредна или посредна можност за нанесување на штета на уставните права, слобода, достоен квалитет и стандард на животот на граѓаните, суверенитетот и територијален интегритет и се наведуваат следните опасности: тероризам, усовршување на облиците на незаконски дејствија во областа на кибернетиката и биологијата и сферите на високите технологии, националистички расположенија, сепаратизам, насилен екстремизам, верски радикализам, еколошки проблеми, незаконска и неконтролирана миграција, трговија со дрога и луѓе и други облици на органзиран криминал, епидемии со непознати вируси и дефицит на вода за пиење (13).

Како значајна закана по безбедноста се дава осврт на меѓународната ситуација во среднорочна перспектива во поглед на состојбите на Блискиот и Средниот исток и на условите на конкурентската битка за различните ресурси. Воочливо е појавувањето на новите облици на криминал кои не се типични за криминалот од минатите времиња, како на пример, нуклеарен материјал и отпад, биолошки агенси, генетски материјал, човечки органи и ткива, високотехнолошки криминал итн. Видовите на современ организиран криминал се бројни, а меѓу нив се најисткнати: економскиот и корпорацискиот криминал, наркомафија, криумчарење на оружје и луѓе, секс мафија, автомафија, трговија со антиквитети и уметнички предмети, коцкарска индустрија, урбанистичка и градежна мафија, трансплантација на ткива и органи, трговија со бебиња и мали деца, фармацевтска мафија, фалсификување на пари и на хартии од вредност, царинска мафија, тутунска мафија, разбојништва итн.

**ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ НОВ ЗНАЧАЕН РИЗИК ФАКТОР ЗА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДРЖАВИТЕ ВО СВЕТОТ**

Организираниот криминал е инфилтриран во скоро сите сфери на општествениот живот и функционирањето на државата, поради што е реално да се очекува развој на нови криминални бизниси (9). Современото време го карактеризира висок степен на динамичност и брзина на развојот на науката, технологијата и нивното повратно дејство на општеството. Гореспомнатото се изразува преку експанзија и софистицираност на негативни општествени појави и нивното влијание врз безбедноста или националната безбедност, кои го загрозуваат системот на вредности на меѓународната заедница. Со сигурност може да се каже дека светот се соочува со нови прашања од внатрешната и меѓународната безбедност. Современите безбедносни проблеми го задржаа само името и суштината на нивната работа од минатото, додека сè друго е различно од претходниот период. Денешните форми на безбедност ја загрозуваат новата енергија (помоќна - деструктивна за општеството) и нови опасности.

Причината за понатамошно истражување се крие во фактот што организираниот криминал покрај примарната моќ, или желбата за вонинституционални, вон-правни, неетички и други влијанија врз државата и политиката, или со земање на позиција и влијание во општеството, кои не можат да се стекнат со учество во нормални демократски процес. Оваа нова негативна енергија и опасностите што ги носат со неа предизвикуваат последици што ниту една земја, како и меѓународната заедница, не можат да ги толерираат. Криминалот како специфичен негативен општествен феномен е внатрешна, невооружена форма на загрозување на националната безбедност. Еден од неговите најопасни аспекти е организираниот криминал. Многу автори сметаат дека тој е сериозно загрозен од функционирањето на владеењето на правото и развојот на демократијата во меѓународни размери или заканите за меѓународниот мир и стабилност (12).

Инфилтрирањето на незаконски стекнатите добивки во финансиските и банкарските текови на земјата, исто така, може да влијае на нејзината безбедност. Организираниот криминал е се повеќе сериозна закана за владеењето на правото, демократијата, меѓународниот мир и стабилност. Иако, според некои видувања, на

ова прашање мора да се пистапи првенствено или исклучиво од аспект на националната безбедност и заштита на националните интереси, секако, не може да се запоставаат човечките права и вредности и меѓународната безбедност (5).

Проблемот е уште поголем, бидејќи во многу земји се уште не се зачнати конкретни стратегии за спречување и борба против организираниот криминал или за заштита на човековите права на потенцијални и актуелни жртви, која обично ја предизвикува нивната примарна, секундарна и терцијарна виктимизација; - економската димензија се однесува на ефектите на организираниот криминал, кои понатаму ги продлабочуваат неповолните фактори на економската транзиција, кои се причина и услов за нејзино создавање (7).

Слаби и корумпирани државни институции и несоодветната законска регулатива ги спречуваат властите успешно да се спротивставаат на овој проблем, кој истовремено и одвнатре и од надвор ја загрозува националната безбедност (11). Во однос на надворешната политика, организираниот криминал индиректно може да ја поттикне дезинтеграцијата, спречување или попречување на процесот на интеграција на државата во одредени меѓународни институции и организации.

Со воведувањето на некаква форма на санкции со интервенцијата на меѓународната заедница и големите сили се прави обид за влијание со цел спречување на организираниот криминал, со што за жал се дестабилизира државата однадвор и се загрозува нејзиниот интегритетот, само поради тоа што владата на земјата е неспособна да се спротивстави, не сака да го стори или да го поддржи тој процес (4). Најопасна е врската со политичкиот криминал, преку финасирање на терористички групи, вооружени бунтови, субверзивни влијанија, деструктивни психолошки-пропагандни влијанија, како и инфилтрација на организираниот криминал во политичкиот систем на земјата, со што се поткопуваат демократските институции на владеење на правото.

**ЗАКЛУЧОК**

Прашањата кои се однесуваат на развојот на "европската и меѓународната безбедносна архитектура" во периодот по Втората светска војна до денес, како и на најновите промени низ кои минува Европската Унија која е главен, но не и единствен носител на европската интеграција и соработка во областа на меѓународната безбедност. Во трудот накратко се објаснуваат и промените во традиционалните концепти на перцепцијата на меѓународната безбедност, како и современите форми на загрозување на истата .Потребата за одржување на минимална, т.н. стабилна *sustainable security* безбедносна состојба, (одржлива безбедност) претставува приоритет во безбедносната политика на секоја држава. Различните видови на загрозување на безбедноста во сите сфери на социјалното живеење и особено кризните состојби е поле на континуиран интерес на државата. Една од целите на државата, и воопшто на сите современо организирани држави, е посветеноста кон градењето на стабилна безбедносна средина.

Организираниот криминал во своите разни форми е еден од носителите на современото загрозување на националната безбедност, кривичното право и кривичното правосудство. Оваа област на загрозување на националната безбедност е присутна повеќе од кога било во политичката дневна агенда на европските институции, пред сѐ на Европската Унија и Советот на Европа.

Сите жестоки дебати околу проблемите кои со себе ги носи транснационалниот организиран криминал во поединечни држави членки често резултираат со избрзани и предвремени активности на државите кандидатки и на тој начин, во моментот и на пократок рок, нелегалните активности се забавуваат, но не се сузбиваат.

Заканата од тероризам, а не и помалку важната контрола на илегалната миграција, како и другите современи форми со кои се загрозува националната безбедност, го издигнуваат ова прашање до ниво на носење системски закони како и на соодветна безбедносна стратегија.

Изградбата и формата на европското законодавство во секој случај ќе биде идеја и патоказ на земјите кандидатки кои ќе ги имплементираат ставовите во своите законодавни системи. Воедно, актуелизирани на тој начин ќе придонесат за доградбата на современиот систем на заедничка национална безбедност.

Покрај споменатите форми на загрозување на националната безбедност, како дополнителни мотиви на загрозување се присутни и елементите на социјалните тензии во транзициските општества. Причините за таквата состојба произлегуваат од : претходните лоши владеења со стопански гиганти, лошите процеси на приватизација, законодавните празнини и недоискажаности, отсуството на европски етички вредности и солидарноста, неприпаѓање на европската заедница на граѓани итн. Набројаните параметри уште повеќе го усложнуваат мултидисциплинарниот пристап кон проучувањето на проблемот на националната безбедност.

Теоретските рамки на современите безбедносни предизвици, како милитантно-воените, така и цивилните, во современото човеково опкружување се надополнети и со заканата – за дестабилизација на „слабите држави". Таквата дијалогика неизбежно води кон сознанието за неопходни промени на досегашната безбедносна парадигма.

Јасно е дека државата веќе не е примарен референтен објект на безбедноста, па со самото тоа и центар на интересот за проучување на науката за безбедноста. Наместо државата, ова место го заземаат транснационални и меѓународни организации, нации, национални малцинства, разни професионални и маргинализирани групи како и најбројни чинители на безбедноста – поединците.

**ЛИТЕРАТУРА**

Bruno, S. (2003). *Парламентарен надзор на безбедносниот сектор – Начела, механизми и пракса, Charter of United Nations.* Интерпланетарна унија и Женевски Центар за контрола на вооружените сили, Белград, година, стр. 17.

Heinz G., (2001) London:, Europe`s New Security Callenges, *Lynne Reinner* Publishers, Boulder, p.38.

Ian C. (2005). Globalization and International Relations Theory, p. 36.

Loomis A., Davis L., and Broughton S., (2001). Politics & Identity in Macedonia. Insrinsic versus Extrinsic Understandings, Conference "Macedonia – Macedonians: Changing Contexts in the Changing Balkans", London 14-16 June, стр. 12.

Piccarelli J. T., (2008). Transnational Organized Crime, Security Studies - An Introduction (ed. Williams, P.), London and New York: Routledge.

Terry T., Stuart C., James L. and Patrick M., (2001). Security Studies Today, Polity Press, London, p.19.

Бошковић, М., (2004). Транснационални организовани криминалитет, Београд: Полицијска академија. Бошковић, Горан, 2011. Организовани криминал, Београд: Криминалистичко-полицијска академија.

Ђукић, С., (2010). Активности и економске последице организованог криминала у јавном сектору (мастер рад, Универзитет EDUCONS, Факултет пословне економије).

Конвенција Уједињених нација против транснационалног организованог криминала, Службени лист СРЈ - Међународни уговори, број 6/2001.

Маринковић, Д., (2010). Сузбијање организованог криминала - специјалне истражне технике, Нови Сад: Прометеј.

Мијалковић, С., (2003). Организовани криминалитет као савремени безбедносни проблем: осврт на карактеристике и тенденције, Сарајево: Факултет криминалистичких наука.

Стајић, Љ., (2011). Основи система безбедности, Нови Сад: Правни факултет.

Стратегија на националната безбедност RF до 2020 година. (утврдена со Указот на Претседателот на Руската Федерација 12 мај 2009 година. No 537). – URL: http://www.scrf.gov.ru/documents/99.html